РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА-REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHETETËROR PËR PARANADALIM TË KORRUPSIONIT
Бр.-Nr. 04-931/23
08-03-2021 20 год.-viti

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 52 став 3 од Законот за административни службеници („Службен весник на РМ" бр. 27/2014, 199/2014; 48/2015; 154/2015; 5/2016; 142/2016 и 11/2018) и („Службен весник на РСМ" бр. 275/2019 и 14/2020), а во врска со објавениот интерен оглас број 01/2021 за унапредување на седум административни службеници во Секретаријатот на Државната комисија за спречување на корупцијата, Генералниот секретар на Државната комисија за спречување на корупцијата донесе

**ОДЛУКА**
**за невршење избор на кандидат за унапредување**

1. Не се врши избор на кандидат за работното место **УПР0101Б04000 Раководител на одделение за седници и односи со јавноста, Одделение за седници и односи со јавноста, Сектор за ИТ поддршка, општи работи, седници и односи со јавноста.**

2.Одлуката за невршење избор на кандидат за унапредување ќе се објави на веб страната на Државната комисија за спречување на корупцијата.

3. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

**Образложение**

Државната комисија за спречување на корупцијата по добиено известување за обезбедени финансиски средства во Буџетот на ДКСК за тековната фискална 2021 година, со архивски број 18-1592/2 и 18-1593/2 од 18.02.2021 година за унапредување на седум административни службеници, ја започна постапката за унапредување со барање бр.04-931/3 од 26.02.2021 година, во кое беа назначени нивото и описот на работните места кои се предлагаат за пополнување.

За започнувањето на постапката за унапредување и објавувањето на интерниот оглас е доставено известување до Агенцијата за администрација, по што на ден 01.03.2021 година интерниот оглас број 01/2021 за унапредување на седум административни службеници во Секретаријатот на Државната комисија за спречување на корупцијата е објавен на веб страната на Државната комисија за спречување на корупцијата и на веб страната на Агенцијата за администрација.

За спроведување на постапката за селекција за унапредување по интерниот оглас - фаза административна селекција и интервју, со Решение број 04-931/10 од 05.03.2021 година формирана е Комисија за селекција за унапредување по интерен оглас.

Комисијата за селекција за унапредување по интерен оглас, утврди дека за работното место под реден број 7. УПР0101Б04000 Раководител на одделение за седници и односи со јавноста, Одделение за

седници и односи со јавноста, Сектор за ИТ поддршка, општи работи, седници и односи со јавноста, не е пријавен ниту еден кандидат.

Со оглед на наведеното, Генералниот секретар на Државната комисија за спречување на корупцијата донесе одлука за невршење избор на кандидат за унапредување, како во диспозитивот.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа одлука незадоволниот кандидат има право на жалба до Агенцијата за администрација во рок од 8 дена сметано од денот на објавувањето на Одлуката на веб страната на Државната комисија за спречување на корупцијата.

**ДРЖАВНАКОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Генерален секретар,**
**д-р Розета Трајан**

:

Доставено до
- Одделение за управување со човечки ресурси
- Архива